ДП бр. 4/2025

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот Ељхам Бислими од Скопје, по одржаната расправа во согласност со членот 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, **на ден 15.5.2025 година**, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот Е.Б од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 139 став (1) алинеја 5) од Закон за нотаријатот, поради тоа што во предметите ОДУ бр.26/24, УЗП бр.421/24 и УЗП бр.613/24 и УЗП бр.657/24, наплатените судски такси не ги уплатил истиот или најдоцна наредниот работен ден на соодветна уплатна сметка преку носителот на платниот промет на образец ПП-50, налог за јавни приходи, што не е во согласност со член 158 од Законот за нотаријатот, член 51 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија и член 3 од Правилникот за начинот на плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка и начинот на плаќање на судските такси преку мобилни оператори или преку интернет, поради што се казнува со дисциплинска мерка - **јавна опомена**.

**Дисциплински совет на НКРСМ**
**Претседател**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;